# POTENTIALS FOR THE DEVELOPMENT OF HEALTH TOURISM IN KATLANOVSKA SPA

**Evgenija Markovska**
Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
Evgenija.31725@ugd.edu.mk
**Julijana Sazdova**
Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
Julijana.sazdova@ugd.edu.mk

**Abstract:** One of the most famous spa centers in the Republic of North Macedonia is Katlanovska Spa. It is located above the village of Katlanovo and is only 20 km from the capital of the country, Skopje. Katlanovska spa is a tourist attraction and a desired spa for the treatment of many diseases and conditions (rheumatic diseases, gynecological conditions, post-traumatic rehabilitation...) long back throughout history. Katlanovska spa is also marked on old maps dating from the 2nd and 3rd centuries AD. The proximity to the capital, but also the proximity of the highway, which passes only a few hundred meters from the spa, are the reasons for the first choice and a large number of visitors and tourists. In addition to hot water springs, the area abounds with natural beauties and natural rarities, as well as a large number of historically interesting locations. The proximity of the river Pčinja, the river Vardar, as well as the surrounding villages such as Gradmanci, Badar, Blatce, Kozle... are an attraction and opportunity for sport fishing and/or daily walks and experiences for every visitor to the spa. The purpose of this research is to see if the Katlanovska Spa has facilities for the development of health tourism, which would be determined through a survey of visitors from the spa. Based on their opinions about the spa, expressed satisfaction or dissatisfaction with the service, their perceptions of what is good and what needs to be changed in the spa, appropriate conclusions will be drawn based on which the hypothesis that the spa has capacity for the development of health tourism will be confirmed or rejected. For the purposes of this research, the survey method was used, during which the visitors to Katlanovska Spa were surveyed. A short questionnaire of 11 questions was prepared and a total of 50 visitors were surveyed. After processing the survey questionnaires, the following results were obtained: most of the visitors have come to Katlanovska Spa from 2 to 10 times, i.e 52%. Of the visitors, 72% visited the spa for treatment, and only 8% exclusively for relaxation. From the service in the Spa, 62% of respondents are very satisfied, while 38% think they could get better service, but none of the respondents showed complete dissatisfaction. All respondents answered unanimously that they would come to the spa again. **Conclusions:** On the question whether Katlanovska Spa has the capacity to develop health tourism, 30 respondents (60%) think that Katlanovska Spa has the capacity to develop health tourism, and the rest of them (20 respondents, i.e. 40%) are not sure, but none of the respondents did not answer that the spa does not have facilities for the development of health tourism. According to the answers of the respondents, it can be confirmed that Katlanovska Spa has facilities for the development of health tourism. Modernization of the interior and exterior of the Spa, renovation, and special arrangement of the rooms to attract a larger number of domestic and especially foreign visitors. Cooperation with outpatient centers in R.N.M. who would send patients to rehabilitation in Katlanovska Spa. Cooperation with travel agencies that would have special offers for foreign tourists and introduce them to the possibilities for treatment and rehabilitation of Katlanovska Spa, as well as greater promotion of the spa.
**Keywords:** Spa tourism, health, Katlanovska Spa

# ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕН ТУРИЗАМ ВО КАТЛАНОВСКА БАЊА

**Евгенија Марковска**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија, Evgenija.31725@ugd.edu.mk
**Јулијана Саздова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија, Julijana.sazdova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Еден од најпознатите бањски центри во Република Северна Македонија е Катлановска бања. Лоцирана е над селото Катланово и е на само 20 км од главниот град на државата, Скопје. Катлановска бања е туристичка атракциија и посакувана бања за лекување на многу болести и состојби (ревматски заболувања, гинеколошки состојби, посттрауматски рехабилитации...) долго наназад низ историјата. Катлановска бања е обележана и на старите карти кои датираат од 2 и 3 век од нашата ера. Близината до главниот град, но и близината на автопатот кој поминува на само неколку стотини метра од бањата се причини за прв избор и голем број посетители и туристи. Покрај изворите со топла вода, пределот изобилува со природни убавини и природни реткости, како и голем број на историски итересни локации. Близината на реката Пчиња, реката Вардар како и околните села како Градманци, Бадар, Блатце, Кожле... се атракција и можност за спортски риболов и/или секојдневни прошетки и доживувања за секој посетител на бањата. Цел на ова истражување е да се види дали Катлановска бања има капацитети за развој на здравствен туризам, што би се утврдило преку анкета токму на посетителите од бањата. Врз основа на нивните мислења за бањата, искажаното задоволство односно незадоволство од услугата, нивните перцепции за што е добро, а што треба да се промени во бањата, ќе бидат донесени соодветни заклучоци врз основа на кои ќе се потврди односно отфрли хипотезата дека бањата има капацитет за развој на здравствен туризам.**:** За потребите на ова истражување е користен методот на анкета, при што беа анкетирани посетителите во Катлановска бања. Изработен е краток анкетен прашалник од 11 прашања и при тоа беа анкетирани вкупно 50 посетители. По обработка на анкетните прашалници добиени се следните резултати: најголем дел од посетителите имаат доаѓано во Катлановска бања од 2 до 10 пати, односно 52%. Од посетителите 72% ја посетиле бањата за лекување, а само 8% исклучително за релаксирање. Од услугата во бањата 62% од испитаниците се премногу задоволни, додека 38% сметаат дека може да добијат и подобра услуга, но ниту еден од испитаниците не покажа целосно незадоволство. Сите испитаници едногласно одговорија дека ќе дојдат повторно во бањата. На прашањето дали Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам 30 испитаници (60%) сметаат дека Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам, а остатокот од нив (20 испитаници односно 40%) не се сигурни, но ниту еден од спитаниците не одговори дека бањата нема капацитети за развој на здравствен туризам. Според одговорите на испитаниците, може да се потврди дека Катлановска бања има капацитети за развој на здравствен туризам. Модернизирање на ентериерот и екстериерот на бањата, реновирање, а посебно уредување на собите за привлекување на поголем број на домашни, а пред се странски посетители. Соработка со амбулантните центри во Р.С.М. кои би ги испраќале пациентите на рехабилитација во Катлановска бања**.** Соработка со туристичките агенции кои би имале посебни понуди за странските туристи и би ги запознале со можностите за лечење и рехабилитација на Катлановска бања, како и поголема промоција на бањата.
**Клучни зборови:** бањски туризам, здравје, Катлановска бања

## 1. ВОВЕД

Здравствениот туризам, кој постојано се развива во многу европски земји, вклучува услуги поврзани со здравјето, како што се медицински прегледи, програми за исхрана, хербална медицина и гимнастика и сл. Бањскиот туризам како дел од здравствениот туризам е брзорастечки сектор во туристичката економија. Бањскиот туризам не е нов концепт кога станува збор за врската помеѓу туризмот и здравјето. Сепак, успехот на бањскиот туризам е нешто што треба да се демистифицира со употреба на опипливи емпириски докази.

Еден од најпознатите бањски центри во Република Северна Македонија е Катлановска бања. Лоцирана е над селото Катланово и е на само 20 км од главниот град на државата, Скопје.

„Катланово е котелот каде сонцето се раѓа. Ако нешто може да ме излечи, тогаш тоа е таму, помеѓу сонцето и водата" – зборови се на славниот император Јустинијан Први (483-565).
Катлановска бања е туристичка атракциија и посакувана бања за лекување на многу болести и состојби (ревматски заболувања, гинеколошки состојби, посттрауматски рехабилитации...) долго наназад низ историјата. Катлановска бања е обележана и на старите карти кои датираат од 2 и 3 век од нашата ера. Близината до главниот град, но и близината на автопатот кој поминува на само неколку стотини метра од бањата се причини за прв избор и голем број посетители и туристи. Покрај изворите со топла вода, пределот изобилува со природни убавини и природни реткости, како и голем број на историски итересни локации. Близината на реката Пчиња, реката Вардар како и околните села како Градманци, Бадар, Блатце, Кожле... се атракција и можност за спортски риболов и/или секојдневни прошетки и доживувања за секој посетител на бањата.
Медицинскиот тим на Катлановска бања е составен од три лекарски тимови составени од доктори, специјалисти по физикална медицина и рехабилитација и високо обучен професионален тим на физиотерапевти и медицински сестри.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

За потребите на ова истражување е користен методот на анкета, при што беа анкетирани посетителите во Катлановска бања. Изработен е краток анкетен прашалник од 11 прашања и при тоа беа анкетирани вкупно 50 посетители. За поцелосно добивање на информации покрај затворените прашања, беа користени и отворени прашања и беше оставено на слобода на испитаниците да ги дадат нивните одговори.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Со цел да се запознаеме со перцепцијата на посетителите на Катлановска бања за услугата која што ја добиваат, нивното задоволство/незадоволство, здравствените придобивки и целите на доаѓање направен е анкетен прашалник на посетителите во кој се опфатени вкупно 50 посетители. Анкетните прашалници беа анонимни и доброволни, а со нивна помош се дојде до сознанија за целите за посета на испитаниците, нивното задоволство односно незадоволство од услугата како и нивното мислење, дали и зошто Катлановска бања има односно нема можност за развој на туризам. Добиените податоци се обработени и претставени табеларно и согласно на нив изведени се заклучоци.

***Табела број 1. Анкетен прашалник за пациенти во Катлановска бања***

| Поставени прашања | Понудени одговори | Поединечни одговори |
|---|---|---|
| 1.Колку пати имате доаѓано во Катлановска бања? | -првпат доаѓам<br>-2-10 пати<br>-имам доаѓано повеќе од 10 пати | 9<br>26<br>15 |
| 2.Која е причината што доаѓате во Катлановска бања? | -за релаксирање<br>-за лекување<br>-за релаксирање и лекување | 4<br>36<br>10 |
| Доколку е за лекување наведете за која болест | | Кичма (13 испитаници)<br>Колк ( 12 испитаници)<br>Реума<br>Болки во колено(12 испитаници)<br>Церебрална парализа (анкетен прашалник пополнет од таткото)<br>Дискус хернија |
| 3.Дали имате посетувано друга бања освен Катлановска бања? | -да<br>-не | 22<br>28 |
| Доколку одговорот е да наведете која бања | | Негорци (12 испитаници)<br>Цар Самоил (5 испитаници)<br>Дебарски бањи (5 испитаници) |
| 4.која е причината што се определивте да доаѓате во Катлановска бања | -цената<br>-близината до местото на живеење<br>-добра услуга | 0<br>21<br>29 |
| 5.Дали сте задоволни од услугата | -да, премногу сум задоволен<br>-задоволен, но сметам дека може да добијам и подобра услуга<br>-не, не сум задоволен | 31<br>19<br>0 |
| 6.Дали би дошле повторно | -да, ќе дојдам сигурно<br>-не, не би дошол повторно<br>-незнам, не сум сигурен | 50<br>0<br>0 |

| | | |
|---|---|---|
| 7.Што најмногу Ви се допадна од услугата во Катлановска бања | | Водата (16 испитаници)<br>Терапијата ( 13 испитаници)<br>Се (15 испитаници)<br>Персоналот (6 испитаници)<br>Љубезност и добра услуга од персоналот |
| 8.Што би промениле | | -Фали персонал и секако заради љубезноста на персоналот и посветеното работење повисоки плати и може редоследот на вежбите да се смени<br>-подобри соби (24 испитаници)<br>-ништо (9 испитаници)<br>-хигиената, храната (6 испитаници)<br>-дворот |
| 9.Како се одлучивте да дојдете токму во Катлановска бања | -по препорака на лекар<br>-по препорака на роднина пријател<br>-прочитав за услугите што ги дава на интернет<br>-друго, што? | 37<br>13<br><br>0 |
| 10.Дали сметате дека Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам | -да<br>-не<br>-не сум сигурен | 30<br>0<br>20 |
| 11.Во врска со предходното прашање напишете го вашиот коментар овде<br>Зошто? | | -мора реновирање (2 испитаници)<br>-лековитоста (3 испитаници)<br>-водата е многу лековита (17 испитаници)<br>-да, ама да се подобри уредувањето<br>-добра природа, чист воздух, добра местоположба само инфрструктура треба подобра<br>-треба да се вложи во зградата |

Извор: сопствена анкета

**4. ДИСКУСИЈА**

Врз основа на резулатите, дел од посетителите немаа одговорено на некои од прашањата од отворен тип. Најголемиот дел од нив имаат доаѓано од 2 до 10 пати (52%), а причината за доаѓање на најголемиот дел од посетителите е лекување (кичма, колк, болки во колено). Повеќе од 10 пати имаат доаѓано 15 пациенти (30%), а првпат доаѓаат 9 пациенти (18%). За релаксирање од испитаниците дошле 8 %, 72% за лекување, а 20% и за релаксирање и за лекување. По големиот дел од нив се одлучиле за Катлановска бања заради услугата (58%), а останатите 42% од испитаниците заради близина до местото на живеење. Од испитаниците 31 (62%) се премногу задоволни од услугата, додека 19 (38%) сметаат дека може и подобра услуга да добијат, но ниту еден од испитаниците не покажа незадоволство. Сите испитаници едногласно одговорија дека ќе дојдат повторно во бањата, а од услугата најмногу им се допаднала водата. Од испитаниците 24 би ги промениле собите, 6 испитаници би ја промениле хигиената и храната, но има и 9 од нив кои не би промениле ништо. Најголемиот дел од нив се одлучиле токму за Катлановска бања заради препорака на лекар (37 испитаници, односно 74%), а останатите 26% по препорака на роднина или пријател, но никој од нив не дознал за Катлановска бања преку интернет. На прашањето дали Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам 30 испитаници (60%) сметаат дека Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам, а остатокот од нив (20 испитаници односно 40%) не се сигурни, а причините за тоа се: заради лековитоста на водата, добра местоположба, мора реновирање, да се подобри уредувањето и да се вложи во зградата.

**5. ЗАКЛУЧОЦИ**

Катлановска бања е еден од најпознатите бањски центри во Република Северна Македонија. Најголем дел од посетителите имаат доаѓано во Катлановска бања од 2 до 10 пати, односно 52%.

Од посетителите 72% ја посетиле бањата за лекување, а само 8% исклучително за релаксирање.

Од услугата во бањата 62% од испитаниците се премногу задоволни, додека 38% сметаат дека може да добијат и подобра услуга, но ниту еден од испитаниците не покажа целосно незадоволство.

Сите испитаници едногласно одговорија дека ќе дојдат повторно во бањата.

Најголемиот дел од посетителите (74%) дошле во бањата по препорака на лекар.

На прашањето дали Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам 30 испитаници (60%) сметаат дека Катлановска бања има капацитет за развој на здравствен туризам, а остатокот од нив (20 испитаници односно 40%) не се сигурни, но ниту еден од спитаниците не одговори дека бањата нема капацитети за развој на здравствен туризам.

Според одговорите на испитаниците, може да се потврди дека Катлановска бања има капацитети за развој на зравствен туризам.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Aluculesei, A. C., Nistoreanu, P., Avram, D., & Nistoreanu, B. G. (2021). Past and future trends in medical spas: A co-word analysis. Sustainability, 13(17), 9646

Apostolovska Toshevska, B., Madjevikj, M., & Ljakoska, M. (2020). Spas as a Potential for the Sustainable Functional Development—A Case Study of the East Region in the Republic of North Macedonia. Smart Geography: 100 Years of the Bulgarian Geographical Society, 247-261.

Chatterjee, S., & Mandal, P. (2020). Traveler preferences from online reviews: Role of travel goals, class and culture, Tourism Management, 80, Article 104108

Cingoski, V., & Petrevska, B. (2021). Geothermal resources: New insights for spa tourism in North Macedonia, International Scientific conference Geobalcanica, Ohrid, North Macedonia

Liu, B., Li, Y., Kralj, A., Moyle, B., & He, M. (2022). Inspiration and wellness tourism: The role of cognitive appraisal. Journal of Travel & Tourism Marketing, 39(2), 173 187

McNeil, K.R., Edna J, & Ragins, E.J. (2005). Staying in the Spa Marketing Game: Trends, Challenges, Strategies and Techniques. Journal of Vacation Marketing, 11(1): 31 39

Pelegrín-Borondo, J., Araújo-Vila, N., & Fraiz-Brea, J. A. (2020, December). Comparison of Spa choice between wellness tourists and healthcare/medical tourists. In Healthcare (Vol. 8, No. 4, p. 544). MDPI.

Јелачиќ д-р Алексије, Месеснел д-р Франц, Урошевиќ д-р Атанасије, (1937) водич крој Скопље и околину. Градско поглаварство, Скопље.

Луковиќ, М., (1931): Геолошки састав и тектоника Скопске котлине и њеногобода. Гласник СНД, Оддељенеприродних наука, књ. X, св. 4, 4-62, Скопље.

Манаковиќ, Д. & Т. Андоновски, (1976), Хидро-спелеолошки испитувања на дел од Катлановскиот Рид. Географски разгледи, кн. 14, Скопје, 5-16.

Христов, С., (1964), Геологија на Скопската котлина и нејзиниот обод. Трудови на Геолошки завод, св. 11, 11-137, Скопје.